**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и деветата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 24 јануари 2002 год.**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија,сала 1 со почеток во 13,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и г-да пратеници ја отворам Деведесет и деветата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Јовановска и Валентина Божиновска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија Г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница на Собранието ја свикав по барање на претседателот на Владата на РМ.

Молам да видиме дали имаме доволно присутни пратеници.

Дајте да утврдиме колку присутни пратеници имаме во салата.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Присутни се 62 пратеници во салата.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласанве.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 64 за, воздржано гласале тројца пратеници, никој не гласал против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред.

Оставка на министерот без ресор во Владата на Република Македонија Доста Димовска.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, од кои 63 за, шест гласаа воздржано и еден против.

Констатирам дека е усвоне предложениот дневен ред.

Преминуваме на дневниот ред.

Оставка на министерот без ресор во Владата на Република Македонија Доста Димовска.

Оставката и дописот на претседателот на Владата на Република Македонија со кој ја прифаќа поднесената оставка ви поделени.

Констатирам дека со поднесувањето на оставката на Доста Димовска и престанува функцијата министер без ресор во Владата на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 99та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,35 часот).